**Кабинетот на поранешниот Претседател на Република Македонија 2009-2019, д-р Ѓорге Иванов, заедно со Иванов школа за лидери – Алумни асоцијација (ИСЛАА) и Меѓународниот центар Алијанса на цивилизациите, го објавува следниот**

**КОНКУРС**
**за учество на Меѓународна обука за млади лидери на**
**проф. д-р Ѓорге Иванов, Претседател на Република Македонија 2009-2019,**
**1-13 октомври 2024 година**

**15. ШКОЛА ЗА МЛАДИ ЛИДЕРИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ИВАНОВ**
**„Лидерство за мир“**

Меѓународната обука за млади лидери на проф. д-р Ѓорге Иванов, Претседател на Република Македонија 2009-2019, традиционално се одржува од 2010 година. Вкупно, во досегашните 14 обуки учествуваа околу 550 млади луѓе со различен академски и професионален фокус од земјата и од странство. Пред четиринаесетте генерации учесници на Школата за млади лидери, предавања одржаа над 350 реномирани предавачи од Република Македонија, Европа и светот. Во 2018 година, Школата за млади лидери е прогласена за најдобар социјално одговорен проект во Европа за 2017 година од страна на Светскиот инвестициски форум на бизнис ангели.

Мисијата на школата е да ги стимулира позитивните вредности кај младите лидери и идни политички, културни и економски предводници на нашата земја, но и да го развие нивниот капацитет за справување со глобалните предизвици, меѓународната конкуренција и културните и религиски различности.

Програмата е наменета за млади луѓе со завршено високо образование до 35 години, дипломирани студенти и професионалци со работно искуство. Се очекува учесниците да имаат желба континуирано да ги развиваат и усовршуваат нивните лидерски вештини и да придонесуваат за позитивен развој на општеството и околината во која живеат и работат.

Оваа година, Школата за млади лидери ќе се организира во периодот 1-13 октомври 2024 година. Во првиот дел, од 1-4 октомври 2024 година, предавањата ќе се одржуваат онлајн со активности предвидени по 17:00 часот. Вториот дел, од 5-13 октомври 2024 година, ќе биде со целодневна програма и ќе се одржи во хотел „Инекс Олгица“ во Охрид.

Обуката опфаќа предавања од предавачи од земјата и од странство, фокусирани на искуствата и знаењата кои би ги поттикнале учесниците да размислуваат аналитички и да креираат заеднички решенија за предизвиците со кои се соочуваат, со нивно интерактивно вклучување на предавањата.

Програмата се одвива на англиски јазик.

Бројот на учесници е ограничен, а право на учество имаат сите млади од Република Македонија и од странство кои ги исполнуваат следниве услови:

- Одлично познавање и активно користење на англиски јазик;
- Просек од високо образование, еднаков или поголем од 8,5 (или еквивалентно доколку се работи за диплома од странство) ќе се смета за предност;
- Магистратура или докторат и работно искуство ќе се сметаат за предност.

Потребни документи за апликација (електронска копија):

- Биографија,
- Уверение за положени испити/Диплома, и
- Две препораки од вашата организација, компанија или факултет, и
- Есеј на општата тема на 15-тата Школа за млади лидери, „Лидерство за мир“ (свое толкување и размислувања за темата, до 800 зборови, на англиски јазик)

Критериумите за селекција на учесниците во Школата за млади лидери се засновани, пред сѐ, врз академските и професионалните достигнувања на апликантите.

Вашата апликација можете да ја поднесете најдоцна до 30 јуни 2024 година, на следниот линк: https://www.youngleaders.com.mk/mak/apliciraj/.

По вашето уредно аплицирање, постои можност да бидете повикани на интервју (за учесниците од странство онлајн).

Во случај на технички проблеми при аплицирањето и дополнителни прашања, можете да се обратите и на следните е-пошти: contact@gjorgeivanov.mk и info@youngleaders.com.mk.

Ви благодариме за времето и вниманието.